Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 102, 15 мај 2013 година

мај 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти-пијано и сонологија на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за научна област биологија, биохемија со физиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 8

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Машини и опрема во растителното производство“ од авторот доц. д-р Зоран Димитровски од Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 15

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Трудово право–практикум“ (со коментар на законот за работните односи и модели на акти и обрасци за практична примена) од авторот доц. д-р Војо Беловски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 17

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Психијатрија” од авторите проф. д-р Кнегиња Рихтер-Соколовска, доц. д-р Гордана Панова, проф. д-р Гунтер Никлевски, проф. д-р Дијана Беловска, м-р. д-р Стојан Бајрактаров, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 20

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 23

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПСИХИЈАТРИЈА” ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р КНЕГИЊА РИХТЕР-СОКОЛОВСКА, ДОЦ. Д-Р ГОРДАНА ПАНОВА, ПРОФ. Д-Р ГУНТЕР НИКЛЕВСКИ, ПРОФ. Д-Р ДИЈАНА БЕЛОВСКА, М-Р. Д-Р СТОЈАН БАЈРАКТАРОВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2505-89/1 од 87. редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицински факултет, одржана на 22.4.2013 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Методи Чепреганов, редовен професор во пензија
- проф. д-р Илија Џонов, редовен професор во пензија,

за изготувување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**Психијатрија“** од **авторите проф. д-р Кнегиња Рихтер-Соколовска, доц. д-р Гордана Панова, проф. д-р Гунтер Никлевски, проф. д-р Дијана Беловска, м-р д-р Стојан Бајрактаров,** наменет за студентите од **прв циклус студии при Факултетот за медицински науки** на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Наслов на учебникот, назив на предметот, семестар за кој е наменет, неделен фонд на часови, оценка дали приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и дали ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

Учебникот по психијатрија е наменет за студенти на медицинскиот факултет, студентите на факултетот стоматологија како и за студентите на високите здравствени школи (3+2+1). Учебникот е од големо значење, бидејќи факултетот има потреба од учебници со кои ќе се служат студентите за време на наставата.

Содржините на учебникот се структурирани и подредени според каталогот на МКБ 10 (Меѓународна класификација на заболуваньата, 10-та ревизија), издаден од Светската здравствена организација (СЗО).

Сите опишани заболувања содржат одреден редослед: етиологија, епидемиологија, патофизиологија, опис на нивните симптоми, дијагноза, диференцијална дијагноза и терапија.

Она што е особено за овој учебник е фактот дека поглавјата за терапија содржат не само фармаколошки третман, туку и специјални видови на нефармаколошки третман, како што се психотерапијата, социотерапијата или пак ролјата на стручниот медицински персонал во лекувањето на поголем дел од заболувањата. Со тоа, се става акцент на мултипрофесионалниот пристап во психијатријата каде што сите вклучени професионални групи имаат одредени задачи.

Првото поглавје ги опишува најглавните психијатриски заболувања со органски карактер и се задржува, прагматично, на заболувањата, ко што најчесто се јавуваат кај населението, како на пр. деменцијата.

Второто поглавје е посветено на заболувањата на зависности опишувајќи ги поединечно сите форми на зависности со ставање на особен акцент врз мултипрофесионалниот пристап кон терапијата.

Третото поглавје ги опишува заболувањата од подрачјето на психозите, со особен осврт кон шизофренијата, опишувајќи притоа, иновативни концепти, како што е рековери концептот.

Четвртото поглавје ги опишува афективните заболувања, давајќи главен акцент на депресијата. Во петтото поглавје се опишани паничните растројства, фобичните заболувања, а доста опширно се опишани и психосоматските заболувања.

Едно посебно поглавје е посветено на посттрауматските состојби. Во шестото поглавје се опишуваат заболувања поврзани со нарушеното однесување, како што се заболувања на исхраната, на спиењето и сексуалните нарушувања.

Растројствата на личноста се опширно опишани во шестото поглавје, каде што преку приказ на случај е претставено најчестото растројство од типот бордерлајн.

Особеноста на сите овие поглавја се состои во тоа што се опишани и поединечни случаи на пациенти, а на крајот од секое поглавје следат контролни прашања коишто се дидактички осмислени, со цел да му помогнат на студентот да ги запомни најважните факти и полесно да се подготви за испит.

По приказот на седумте главни групи на заболувања следат поглавјата за улогата на семејното насилство во настанот на менталните заболувања, влијанието на менталните заболувања врз менталното здравје на децата, како и поглавје за превенција на синдромот на професионална прегореност кај професионалците кои работат со лица со ментални заболувања.

Бидејќи учебникот е наменет за студентите од македонските подрачја, во последното поглавје е прикажана организацијата на психијатриските служби во Република Македонија.

Учебникот има едноставна, јасно структурирана содржина со висок дидактички квалитет, којашто им овозможува на студентите не само теоретски знаења, туку и ги подоготвува за практичната работа во областа на менталното здравје.

**Податоци за обемот ракописот:** Книгата содржи 327 страници, 14 поглавја и А4 формат и одговара на бројот на часови според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** дали е објавен ист или сличен учебник (кога и каде, ако е објавен) и дали веќе објавениот учебник не ги задоволува барањата на наставната материја, објаснување на потребата за објавување на поднесениот ракопис.

Досега на Факултетот за медицински науки не е објавен таков учебник. Студентите имаат потреба од учебник од кој ќе можат да го следат и подготвуваат наставниот материјал по предметот Психијатрија.

**Краток опис на содржината:** Учебникот по психијатрија е наменет за студенти на медицинските факултет, студентите на факултетите за стоматологија, како и за студентите на високите здравствени школи.

Содржините на учебникот се структурирани и подредени според каталогот на МКБ 10 (Меѓународна класификација на заболувањата, 10- та ревизија), издаден од Светската здравствена организација (СЗО).

Сите опишани заболувања содржат одреден редослед: етиологија, епидемиологија, патофизиологија, опис на нивните симптоми, дијагноза, диференцијална дијагноза и терапија.

Она што е особено за овој учебник е фактот дека поглавјата за терапија содржат не само фармаколошки третман, туку и специјални видови на нефармаколошки третман, како што е психотерапијата, социотерапијата или пак ролјата на стручниот медицински персонал во лекувањето на поголем дел од заболувањата. Со тоа, се става акцент на мултипрофесионалниот пристап во психијатријата, каде што сите вклучени професионални групи имаат одредени задачи.

Првото поглавје ги опишува најглавните психијатриски заболувања со органски карактер и се задржува, прагматично, на заболувањата, коишто најчесто се јавуваат кај населението, како на пр. деменцијата.

Второто поглавје е посветено на заболувањата на зависности, опишувајќи ги поединечно сите форми на зависности со ставање на особен акцент врз мултипрофесионалниот пристап кон терапијата.

Третото поглавје ги опишува заболувањата од подрачјето на психозите, со особен

осврт кон шизофренијата, опишувајќи притоа иновативни концепти, како што е рековери концептот.

Четвртото поглавје ги опишува афективните заболувања, давајќи главен акцент на депресијата. Во петтото поглавје се опишани паничните растројства, фобичните заболувања, а доста опширно се опишани и психосоматските заболувања.

Едно посебно поглавје е посветено на посттрауматските состојби. Во шестото поглавје се опишуваат заболувања поврзани со нарушено однесување, како што се заболувања на исхраната, на спиењето и сексуалните нарушувања.

Растројствата на личноста се опширно опишани во шестото поглавје, каде што преку приказ на случај е претставено најчестото растројство од типот бордерлајн. Особеноста на сите овие поглавја се состои во тоа што се опишани и поединечни случаи на пациенти, а на крајот од секое поглавје следат контролни прашања коишто се дидактички осмислени со цел да му помогнат на студентот да ги запомни најважните факти и полесно да се подготви за испит.

По приказот на седумте главни групи на заболувања, следат поглавјата за улогата на семејното насилство во настанот на менталните заболувања, влијанието на менталните заболувања врз менталното здравје на децата, како и поглавје за превенција на синдромот на професионална прегореност кај професионалците кои работат со лица со ментални заболувања.

## З А К Л У Ч О К

Се наведува општа педагошка оценка на научните квалитети, дали ракописот ги задоволува критериумите за објавување и се дава предлог и како треба да биде категоризиран ракописот кој се објавува.

Учебникот има едноставна, јасно структурирана содржина со висок дидактички квалитет, којашто им овозможува на студентите не само теоретски знаења, туку и ги подготвува за практичната работа во областа на менталното здравје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Методи Чепреганов,редовен професор во пензија, с.р.**
**Проф. д-р Илија Џонов, редовен професор во пензија, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата

| Ред. број | Единица на Универзитетот<br>Наслов на тема | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ** | | | |
| 1 | Организациското однесување на администрацијата во локалната самоуправа со осврт на активностите во работните односи | Проф. д-р Милан Илиевски | Катерина Јовчевска |
| 2 | Анализа и контрола на финансиското работење на ФЗОМ како предуслов за квалитетна здравствена заштита | Доц. д-р Круме Николовски | Елизабета Пачемска |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ** | | | |
| 1 | Компарација на теренски геотехнички испитувања (CPT и SPT) според МКС и Еврокод 7 | Проф. д-р Тодор Делипетров | Елена Катарова |